20251463267

ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на членот 56 ставот 1 точката 3, а во врска со членот 9 ставот 1 под б точката 3 од Законот за здравственото осигурување („Сл. весник на РМ" бр. 25/2000, 34/2000, 96/2000, 50/2001, 11/2002, 31/2003, 84/2005, 37/2006, 18/2007, 36/2007, 82/2008, 98/2008, 6/2009, 67/2009, 50/2010, 156/2010, 53/2011, 26/2012, 16/2013, 91/13, 187/13, 43/14, 44/14, 97/14, 112/14, 113/14, 188/14, 20/2015, 61/2015, 98/2015, 129/2015, 150/2015, 154/2015, 192/2015, 217/2015, 27/2016, 37/2016, 120/2016, 142/16, 171/2017 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 275/2019, 77/2021, 285/2021, 60/2023, 154/2023 и 209/2023), Управниот одбор на Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија, на седницата одржана на 1 јули 2025 година, донесе

ПРАВИЛНИК ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ИНДИКАЦИИТЕ ЗА ОСТВАРУВАЊЕ ПРАВО НА ОРТОПЕДСКИ И ДРУГИ ПОМАГАЛА

Член 1

Во Правилникот за индикациите за остварување право на ортопедски и други помагала („Сл. весник на РМ" бр. 33/2011, 66/2011, 99/2011, 5/2012, 84/2012, 159/2012, 151/2013, 10/2014, 113/2014, 189/2014, 1/2015, 46/2015, 211/2015, 158/2016, 45/2018, 129/2018, 160/2018, 228/2018, 10/2019, 20/2019, 44/2019, „Сл. весник на РСМ" бр. 82/2019, 222/2019, 239/2019, 31/2020, 53/2020, 278/2020, 121/2021, 220/2022 и 277/2023), во членот 30 ставот 1 се менува и гласи:

„Лицата со параплегија, квадриплегија, церебрална парализа, мускулна дистрофија, како и спинална мускулна атрофија, кои остваруваат или остариле право на инвалидска количка, имаат право на антидекубитално перниче полнето со воздух или гел со рок на траење од 48 месеци".

Член 2

Во членот 68 во ставот 2 бројот „ 3" се заменува со бројот „4".

Член 3

Во Списокот на ортопедски и други помагала кој е составен дел на Правилникот, во делот ЗГЛОБНИ МЕХАНИЗМИ од вид 1, по шифрата 1316 Пневматско колено со микропроцесорска регулација се додава следната табела:

Вид/Lloji	Шифра/Shifra	Назив на помагалото, материјал,резервни делови, Emri i pajisjes, materialit, pjesët rezerve	Индикации/ Indikacione	Помагало/ Pajisje	Рок на употреба во месеци според возраста / Afati i përdorimit në muaj sipas moshës				Партиципација / Pjesëmarrja	Забелешка/ Vërejtje	Количина месечна / Sasia mujore	Единечна цена со сите давачки / Çmimi i vetëm me të gjitha detyrimet	Начин на производство / Mënyra e prodhimit	Медицински индикации/ Indikacione mjekësore
		потрошен материјал/materiali shpenzues	по правилник/ sipas rregullores	го препишува / e përshkruan	до 7 год / deri 7 vjeç	над 7 години / mbi 7 vjeç dhe	над 18 до 65 год / mbi 18 vjet deri 65 vjet	над 65 год / mbi 65 vjet						
1	1317	Хидрауличен зглоб за дезартикулација на зглоб на колк / Nyje hidraulike për disartikulimin e nyjës së kofshës	Член/ Neni 16	Потврда од Ортопед или физијатар / Vërtetim nga Ortopedi ose ftiziatri	7	12	24	48	Не	Лекарска комисија на фондот / Komisioni Mjekësor i Fondit		318,570,00	Сериско (составен дел на индивидуално) / Seri ke (pjesë përbërëse e individit)	Z89.6 стекнат недостиг на нога над колено /Z89.6 mungesë e fituar e këmbës mbi kofshë Z89.9 стекнат недостиг на екстремитет, неозначено / Z89.9 mungesë e fituar e ekstremiteteve, e patheksuar

Член 4

Во Списокот на ортопедски и други помагала кој е составен дел на Правилникот, во делот ИНВАЛИДСКИ КОЛИЧКИ од вид 1, шифра 3106 Инвалидска количка за церебрална парализа стандард, во колоната „Медицински индикации" се додаваат зборовите „G11 Хередитарна атаксија; G12 Спинална мускулна атрофија; Q05 Спина бифида".

Член 5

Во Списокот на ортопедски и други помагала кој е составен дел на Правилникот, во делот ИНВАЛИДСКИ КОЛИЧКИ од вид 1, шифра 3109 Стандардна лесна инвалидска количка во колоната „Медицински индикации" се додаваа зборовите „B91 Секвели од полиомиелит".

Член 6

Во Списокот на ортопедски и други помагала кој е составен дел на Правилникот, во делот ИНВАЛИДСКИ КОЛИЧКИ од вид 1, шифра 3110 Активна инвалидска количка во колоната „Медицински индикации" се додаваат зборовите „B91 Секвели од полиомиелит".

Член 7

Во Шифрарникот на ортопедски помагала, во делот ЗГЛОБНИ МЕХАНИЗМИ по помагалото од вид 1, шифра 1316, се додава следната табела:

Вид / Lloji	Шифра / Shifra	Назив на помагалото, материјал, резервни делови потрошен материјал / Emri i pajisjes, materialit, pjesët reserve të materialit shpenzues
1	1317	Хидрауличен зглоб за дезартикулација на зглоб на колк / Nyje hidraulike për disartikulimin e nyjes së kofshës

Член 8

Овој правилник влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија", ќе се објави по добивањето на согласност од министерот за здравство.

Бр. 02-17744/6
7 јули 2025 година
Скопје

Управен одбор
Претседател,
Дритан Даути, с.р.